**20252404649**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24 и 151/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 ноември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/25 и 157/25) во делот I во ставот (2) износот „300.000.000,00“ се заменува со износот „240.000.000,00“, а по зборовите „(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24“ се додаваат зборовите „и 151/25“.

Во табелата износот „300.000.000,00“ се заменува со износот „240.000.000,00“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „300.000.000,00“ се заменува со износот „240.000.000,00“.

Во табелата подмерката 1.1. се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.1. | Финансиска поддршка за предадена оризова арпа на регистрирани откупувач и/или преработувачи | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година, кои имаат засеани и ожнеани површини со ориз и оствареното производство го имаат предадено на регистрирани откупувачи и/или преработувачи во период од 1 октомври 2024 година до 28 февруари 2025 година, како и во периодот од 1 март 2025 година до 30 септември 2025 година, кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>2. Максималната количина на оризова арпа која е прифатлива за финансиската поддршка е 8.000 килограми по пријавен хектар со оризова арпа по подмерка 1.1.„Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм за количини предадени во период од 1 октомври 2024 година до 31 октомври 2024 година и 6 денари по килограм за количини предадени во период од 1 ноември 2024 година до 28 февруари 2025 година, како и во периодот од 1 март 2025 година до 30 септември 2025 година. |

“.

По подмерката 1.2. се додава нова подмерка 1.3. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Финансиска поддршка за откупено винско грозје од сортите Вранец или Кратошија од реколта 2025 година | 1. Корисници на оваа подмерка се домашни производители на вино кои имаат откупено винско грозје од сортата Вранец или Кратошија, во период од 17 септември 2025 година до 31 октомври 2025 година, а не ја искористиле можноста од член 20 и член 23 став (7) од Законот за виното (*), кои се регистрирани во Регистарот на производители на вино.<br>2. Максималната количина на откупено винско грозје која е прифатлива за финансиската поддршка е до 2.000.000 килограми винско грозје по корисник.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 10 денари по килограм откупено винско грозје од сортите Вранец или Кратошија од реколта 2025 година. |

“.

III

Во делот III во ставот 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „како и до 10 декември 2025 година за количините предадени во периодот од 1 март 2025 година до 30 септември 2025 година.“.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Финансиската поддршка од дел II за подмерка 1.3. Финансиска поддршка за откупено винско грозје од сортите Вранец или Кратошија од реколта 2025 година“ од оваа програма, ќе се врши врз основа на податоци за откупени количини на винско грозје од сортите Вранец или Кратошија од реколта 2025 година за период од 17 септември 2025 година до 31 октомври 2025 година, кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство најдоцна до 10 декември 2025 година.“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-10335/5
25 ноември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.